Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 , 51/11, 123/12, 93/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16), Градоначалникот на Општина Кочани , на ден .07.2021 година, донесе

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
Бр. 22-1888/2
28.07.2021 год.
КОЧАНИ

# ОДЛУКА
## ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА

1. За планскиот документ **Урбанистичкиот план за вон населено место за викенд населба со хотелско угостителски објекти со основна класа на намена Б5- хотели и хотелски комплекси КО лешки и КО Пашаџиково Општина Кочани** потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Како органи засегнати од имплементација на планскиот документ **Урбанистичкиот план за вон населено место за викенд населба со хотелско угостителски објекти со основна класа на намена Б5- хотели и хотелски комплекси КО Лешки и КО Пашаџиково Општина Кочани** , се определуваат следните: Општина Кочани, Министерство за животна средина и просторно планирање, засегнатата јавност.
3. За планскиот документ **Урбанистичкиот план за вон населено место за викенд населба со хотелско угостителски објекти со основна класа на намена Б5- хотели и хотелски комплекси КО Лешки и КО Пашаџиково Општина Кочани** за чија изработка е одговорен Градоначалникот на Општина Кочани, а го донесува Советот на општината , донесувањето на планскиот документ **Урбанистичкиот план за вон населено место за викенд населба со хотелско угостителски објекти со основна класа на намена Б5- хотели и хотелски комплекси КО Лешки и КО Пашаџиково Општина Кочани** , има влијание врз животната средина.
4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: влијание врз подземните и површинските води, влијание врз пределот,влијание врз биодиверзитетот,влијание врз почвата и влијание во однос на генерирање на отпадот.
5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Кочани на следната веб адреса/и:**www.kocani.gov.mk**.
6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Изготвил,
Марија Салтирова Јовановска

**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Николчо Илијев**

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | **Урбанистичкиот план за вон населено место за викенд населба со хотелско угостителски објекти со основна класа на намена Б5- хотели и хотелски комплекси КО Лешки и КО Пашаџиково Општина Кочани** |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Општина Кочани |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Совет на Општина Кочани |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Марија Салтирова Јовановска |
| Назив на работното место | помошник раководител на сектор за урбанизам |
| Контакт податоци за лицето | Тел. 072 306 087 |

| **Основни податоци за планскиот документ** | | | |
|---|---|---|---|
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) | | | |
| Програма за изработка на урбанистички планови, урбанистичко-планска документација, и урбанистичко-проектна документација на подрачјето на Општина Кочани за 2020 и Програма за изработка на урбанистички планови и урбанистички проекти на подрачјето на Општина Кочани за 2021 година | | | |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот? | | | |
| Да☒ се носи нов плански документ<br>Не☐ | | | |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување? | | | |
| | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа. | | | |
| ДА – просторно и урбанистичко планирање | | | |
| Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен | | | |
| | | | |
| Да ☒<br>Не | Член: 3 | Точка:13 | Алинеја: |
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. | | | |
| Не | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. | | | |
| ДА, планскиот опфат се наоѓа северозападно од град Кочани, на територија на Општина Кочани во КО Лешки и КО Пашаџиково на надморска висина од 1100-1360м и зафаќа површина од 20,30 ха чија граница е определна според граница на катастарските парцели. Планскиот опфат се наоѓа во заштитено подрачје "Осоговски Планини" кое што е прогласено со Одлука за прогласување на дел од Осоговските Планини за заштитено подрачје во категорија V – заштитен предел (Службен весник на РСМ, бр.277/2020). Реализацијата на Урбанистичкиот план за вон населено место за викенд населба со хотелско угостителски објекти со основна класа на намена Б5 - Хотели и хотелски комплекси КО Лешки и КО Пашаџиково, Општина Кочани, ќе биде во функција на поттикнување на развојот на туристичките активности и согласно | | | |

| |
|---|
| определбите од "Просторниот план на Република Македонија" треба да базира на законитостите на пазарната економија и примена на релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија врз животната средина. |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. |
| Урбанистички план вон населено место ќе го определи урбаното подрачје опфатено со планот, врз основа на оценетите можности за развој и погодности за остварување на планираниот развој на соодветен простор, преку неговата рационална организација, уредување и користење. Реализацијата на Урбанистичкиот план за вон населено место за викенд населба со хотелско угостителски објекти со основна класа на намена Б5 - Хотели и хотелски комплекси КО Лешки и КО Пашаџиково, Општина Кочани, ќе биде во функција на поттикнување на развојот на туристичките активности, со рационално користење на земјиптето. Изградба на викенд населба со хотелски комплекси со основна класа на намена Б5 – хотелски комплекси, Општина Кочани, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост, повисок квалитет на услугите во окружувањето, како и уреденост на просторот сето тоа базирано врз принципите на одржлив развој како и максимално почитување и вградување на нормативите за градба. Урбанистичкиот план за вон населено место за викенд населба со хотелско угостителски објекти со основна класа на намена Б5- хотели и хотелски комплекси КО Лешки и КО Пашаџиково Општина Кочани го поддржува концептот кој нуди квалитетни услуги во функција на стопанскиот развој и туризмот, според тоа претставува плански документ за кој е потребно да се спроведе постапка за Стратегиска оцена на животната средина и да се изготви соодветен Извештај. |
| **Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** |
| Планирање на просторот |
| **Периодот за донесување на планскиот документ /** |
| 5 години |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** |
| 5 години |
| **Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)** |
| Просторот дефиниран за изработка на Урбанистичкиот план за вон населено место за викенд населба со хотелско угостителски објекти со основна класа на намена Б5- хотели и хотелски комплекси КО Лешки и КО Пашаџиково Општина Кочани , со својата местоположба припаѓа на територијата на Општина Кочани, на околу 13 км од град Кочани, и е поврзано со градот со асфалтен пат. Површината на планскиот опфат изнесува 20,30 ха. |




| |
|---|
| **Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.** |
| Да ☐<br>Не √ |
| Дали е приложена копија од целите? |
| Да ☐<br>Не √ |

**Резиме на влијанијата врз животната средина**
(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето).

| **Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.** Можни закани по животната средина од предвидените за изградба на викенд населба со хотелско угостителски објекти со основна класа на намена Б5 - Хотели и хотелски комплекси, КО Лешки и КО Пашаџиково, Општина Кочани, се: нарушување на квалитетот на воздухот, водите и почвата како резултат на емисија на загадувачки материи, зголемени нивоа на бучава и вибрации, несоодветно управување со отпадот, прекумерна експлоатација на природни ресурси и нарушување на стабилноста на еко системите. | |
|---|---|
| **Веројатноста, времетраењет о, фреквентност а и повратноста на влијанијата** | Главен предизвик за одржлив развој во туризмот е реализацијата на економските потенцијали, со најмало можно влијание врз животната средина. Ако туризмот не се води правилно од аспект на заштита на животната средина, постои голема веројатност да настанат штети не само за животната средина, односно природните ресурси, туку на долгорочен план може да дојде до значително намалување на потенцијалите на туристичкиот сектор со импликации и врз економскиот развој на истиот.<br><br>Изградбата на планираните објекти во рамките на планскиот опфат се очекува да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и се разбира економски ефекти манифестирани преку привлекување на нова работна сила и вработување, и во крајна мера обезбедување на комунален надоместок кој би се вратил во форма на инфраструктурна опременост на просторот.<br><br>Влијанијата, кои се претпоставува дека може да произлезат со имплементација на овој Урбанистички план за вон населено место, може да се разгледуваат од аспект на негативни влијанија и од аспект на идни бенефиции, односно позитивни влијанија, како и генерални мерки за заштита, намалување и ублажување на негативние влијанија се следните:<br>– Изградбата на планираните објекти во рамките на планскиот опфат се очекува да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, социо-економски развој.<br>– Со имплементација на Урбанистичкиот план за вон населено место ќе има и негативни влијанија врз животната средина, посебно во фазата на градба на планираните објекти. Влијанијата што ќе се јават во фаза на градба (емисии на штетни материи во воздухот, можни штетни влијанија врз почвата (директни и индиректни), емисии на бучава, отпад и влијанија врз флората и фауната), ќе бидат локални и со ограничен временски рок.<br>– Влијанијата кои би можеле да се појават во фазата на експлоатација се нарушување на квалитетот на воздухот, водите и почвата како резултат |

| | |
|---|---|
| | на емисија на загадувачки материи, зголемени нивоа на бучава и вибрации и несоодветно управување со отпадот.<br>Веројатноста дека усвојувањето на УПВНМ ќе има и негативни влијанија врз животната средина, посебно во фазата на градба на планираните објекти.<br>Влијанијата што ќе се јават во фаза на градба (емисии на штетни материи во воздухот, можни штетни влијанија врз почвата (директни и индиректни), емисии на бучава, отпад и влијанија врз флората и фауната), ќе бидат локални и со ограничен временски рок.<br>Влијанијата кои ќе се јават во фазата на експлоатација на објектите се проценуваат како не многу значајни, но со долгорочен карактер, имајќи го предвид фактот дека планираните објекти долгорочно ќе опстојуваат на оваа локација. Во фазата на експлоатација на објектите се очекува фреквенција на возила, со што се очекува зголемување на количината на издувани гасови во воздухот, зголемено ниво на бучава, а на самата локација и зголемена продукција на различни видови на отпад. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Изградбата на предвидените содржини на предметната локација ќе има кумулативно влијание врз животната средина, кое пред се ќе се огледа на штетното влијание врз амбиенталниот воздух, поради начинот на загревање на објектите, како и во зголемувањето на количеството на создаден отпад (комунален), во фазата на градба на објектите и нивната тековна употреба.<br>Од проектот не се очекуваат значајни влијанија врз животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на планираните проектни содржини не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи на животната средина и животот и здравјето на луѓето. |
| **Прекугранич на природа на влијанијата** | Со имплементацијата на Урбанистичкиот план за вон населено место не постои можност за појава на прекугранични влијанија, ниту во фазата на градба, ниту во фазата на експлоатација, поради доволната оддалеченост на планскиот опфат од границите на државата |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната** | Нема опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина како резултат на несреќи и хаварии. |

| | |
|---|---|
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната)** | Опфатот на планскиот документ е конципиран во една целина, со површина од 20,3 ха, која се наоѓа вон населено место, во општина Кочани. Главниот пристап до локалитетот е од постојниот регионален пат Р1309 (Зрновци-спој со Р2334-Кочани-врска со А3-Пониква-Злетово-Лесново-Пробиштип-врска со Р1205). |

**Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:**

Економското образложение за начинот, обемот и динамиката на финансирање на реализација на планското решение на Урбанистичкиот план за вон населено место за викенд населба со хотелско угостителски објекти со основна класа на намена Б5- хотели и хотелски комплекси КО Лешки и КО Пашаџиково Општина Кочани , со својата местоположба припаѓа на територијата на Општина Кочани ги опфаќа сите трошоци за планирање, уредување на земјиштето за изградба на објектите, инфраструктурните системи и партерно уредување.

Во функција на определбите за одржлив развој во туризмот, планските решенија целосно се вклопуваат во планскиот развој на Република Македонија. Предвидениот капацитет, во регионот на Општина Кочани, ќе дадат свој придонес во стопанскиот биланс на Државата.

Секое определување на трошоците за реализација на овој опфат е соочено и оптоварено со низа ограничувања и истите реално ќе произлезат од вредностите и слични пресметки во идејните и основните проекти, а се изложени на промена на цените, не можност да се утврдат одредени ставки на трошоци, непредвидливост на одделни трошоци, обем на уредување на градежно земјиште и слично.

Изградба на хотелски комплекси со основна класа на намена Б5 –хотелски комплекси, Општина Кочани, би требало да предизвикапозитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост, повисок квалитет на услугите во окружувањето, како и уреденост на просторот сето тоа базирано врз принципите на одржлив развој како и максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.

**Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:**

Во локалитетот при инвентаризација на содржините и функциите на теренот евидентирани се повеќе објекти со намена викенд куки. При изработката на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасната контрола на користењето и уредувањето на земјиштето.

| | |
|---|---|
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | На предметната локација не е евидентирано културно наследство. Со изградба на предвидените содржини ќе се постигне подобра пејзажна и функционална компонираност со околината. |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Просторот во голем дел е градежно изграден, меѓутоа има појава и на неизградено земјиште кое треба програмски да се осмисли и испланира за реалните потреби на самата општина и неговото опкружување. |
| **Влијанијата врз областите или пејзажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја** | Не се очекува влијание врз областите и пејсажите Предметната локација се наоѓа во зона за одржливо користење, којашто претставува значителен дел од заштитеното подрачје која не поседува високи вредности за заштитата, каде што се наоѓаат инфраструктурни објекти, објекти на културното наследство, типови на шумски насади коишто не се карактеристични за подрачјето, како и населени места со околното земјоделско земјиште. |

| |
|---|
| **Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:** |
| Со УПВНМ се предвидува класа на намена на земјиштето А4 времено сместување - викенд населба со Б5- хотелско угостителски објекти со површината на плански опфат е 20,3ха. |
| **Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):** Со планскиот документ се предвидува да се викенд населба со хотелско угостиелски објекти. Предметната локација се наоѓа вон населено место. Не се очекува предвидените објекти за градење викенд куки и хотелски објекти да имаат негативно влијание врз околината, доколку се спроведат сите мерки кои ќе бидат предвидени во планската документација и Извештајот за Стратегиската оцена врз животната средина, ниту пак се очекува објектите кои е можно да се градат да влијаат негативно врз животната средина |

| | |
|---|---|
| **Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој(да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови).**<br>Донесувањето на УПВНМ ќе има влијанија кои се огледаат во следните области од животната средина:<br>- воздух- активностите за изградба на предвидените објекти и нивното функционирање ќе влијаат врз квалитетот на воздухот, пред се поради емитувањето на штетни гасови од возилата и градежната механизација која ќе сообраќа до предметната локација(во текот на изградба и експлоатацијата на предвидените објекти). Сепак се оценува дека ова влијание нема значително да го загрози квалитетот на воздухот.<br>- површински и подземни води- со реализација на УПВНМ не се очекуваат значителни влијанија врз површинските и подземните води. Планските решенија за комуналната инфраструктура, собирањето на фекалните и атмосферски води од планскиот опфат и поврзување со мрежа, овозможува евентуалните негативни влијанија врз подземните и површинските води да се детерминираат кон извори на емисија кои се резултат на функционирањето на планираните објекти во овој комплекс. Тоа подразбира детална идентификација на овие извори при имплементација на овој УПВНМ со цел преземање на соодветни мерки за спречување и елиминирање на негативните влијанија врз подземните и површинските води.<br>- бучава- во фазата на реализација на проектот, се очекува зголемено ниво на бучава на предметната локација. Да се превземат активности за намалување на бучавата и ибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.<br>- отпад- во фазата на реализација и експлатација на содржините предвидени во рамките на предметната локација се очекува зголемување на количеството на продуциран отпад. Доколку со истиот не се постапува согласно позитивните законски норми, може да бидат предизвикани влијанија врз медиумите од животната средина според тоа е потребно Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето<br>- флора и фауна- реализацијата на објектите предвидени во планскиот опфат ќе доведе до деградирање на живеалиштата на одредени видови фауна, и прекинување на ареалите на движење. Негативните влијанија ќе бидат локални, но не се очакува да бидат значителни.<br>Во пределот кој се наоѓа во рамките на планскиот опфат не се евидентирани карактеристични видови од флора и фауна, ендемични и загрозени видови, како и карактеристични живеалишта. |
| Од аспект на одржливоста, донесувањето на УПВНМ позитивно ќе влијае врз:<br>- привлекување на нова работна сила и вработување,<br>- обезбедување на комунален надоместок кој би се вратил во форма на инфраструктурна опременост на просторот, зголемување на доходот по глава на жител и стапката на економски раст, како и зголемување на нивото на животен стандард во општината.<br>Предвиденото планско решение како алтернатива дава широки можности за заживување и иден развој на поширокиот простор на локацијата во разни насоки, односно дава можност просторот да прерасне во простор кој ќе даде голем придонес за развојот на регионот, локалната и националната економија. |

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност (објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали).**

Од еколошки аспект, значајни се следните влијанија кои може да бидат предизвикани врз животната средина:

- зголемување на нивото на загадување на воздухот (предизвикано од издувните гасови на возилата кои ќе сообраќаат во текот на изградбата и екплоатацијата на населбата;
- загадување на површинските и подземните води (доколку не се придржува до предвидените проекти за водоводна мрежа и фекална и атмосферска канализација);
- зголемување на нивото на бучава (предизвикано од градежните активности, како и од сообраќањето на возилата во фаза на експлоатација);
- зголемување на количината на продуциран отпад (како во фаза на реализација, така и во фаза на експлоатација на објектите предвидени во планскиот опфат);

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**

За дел од планскиот опфат , во претходна постапка на одобрување на Локална урбанистичко планска документација спроведена е постапка за стратегиска оценма на животната средина, за која е добиено позитивно мислење од Министерство за животна средина и просторно планирање бр. 15-3470/2 од 30.06.2016г.

УПВНМ е базиран директно на условите за планирање на просторот со тех.бр. Y16420, кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија, и врз основа на кои е издадено Решение за услови за планирање на просторот срх. бр. УП1-15164/2021 од 16.02.2021 година, од страна на МЖСПП, како и услови за планирање на просторот за дел од опфатот , за ЛУПД за изградба на хотелски комплекс на КП 210, КП 211 и 212 м.в. Шарена Чешма КО Пашаџиково Општина Кочани со тех. бр.Y1815 и Решение бр.15-3253/4 од 22.05.2015г.

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**

Пред изградба на поединечните објекти кои влегуваат во опфат на УПВНМ ќе се оцени потребата од изработка на оцена на влијанието врз животната средина / елаборат за заштита на животната средина.

| | | |
|---|---|---|
| **ИЗЈАВА** | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. | |
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | | **Градоначалникот Николчо Илијев** |
| **Датум:** 28.07.2021г.<br>**Место:** Кочани | | **М.П.** |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
бр. 22-1888/1
28.07 20 21 год.
КОЧАНИ